**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ПОЛИТИКИ НА ЕВРОПСКА УНИЈА“ ОД ДОЦ. Д-Р ЉУПЧО СОТИРОСКИ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлука бр. 1602-156/16, Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна 93. седница. одржана на 15.10.2013 год., избра Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јован Ананиев, професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Борка Тушевска, доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на приложениот ракопис со наслов „Политики на Европска унија“ од авторот д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правен факултет, наменет за студентите во трета година - прв циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот е од областа на Европска унија, со наслов Политики на Европска унија што истовремено претставува предметна материја на прв циклус студии на Правниот факултет на насоката Применета политика и дипломатија со неделен фонд на часови 2+1+1 со 6 кредити. Составена е од 4 глави во кои се содржани тематски единици од политиките на Европска унија. Во ракописот се користени релевантни извори коишто авторот на соодветен начин ги употребува при проучувањето на прашањата што ги анализира.

Основниот текст на ракописот содржи 4 (четири) поглавја кои во целост кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет на сите насоки на кои се изучува предметот. Ракописот во целост ја опфаќа материјата која е предвидена во Наставниот план и програма за овој предмет, согласно со сите методски единици во содржината на ова проблематика. Ракописот е во А4 формат, со содржина опфатена на 172 страници.

Во првиот дел од ракописот, авторот прави краток осврт на основните политики на кои почива Европска унија. Базирајќи се на основните политики на ЕУ, анализирајќи ги темелно и систематски согласно со програмата и потребите на студентот, авторот придонел кон хронолошко елаборирање на материјата како студентите би добиле комплетна претстава за настанокот на ЕУ, креирањето на политики во рамките на европската заедница, нивното значење и примена во земјите-членки на ЕУ и земјите надвор од ЕУ. Тргнувајќи по една логична методологија на елаборирање авторот се фокусира на политиките на правата на граѓаните, хоризонталните политики, секторските политики, надворешните политики.

Во ракописот авторот со големо внимание се посветува на поимот на политики на Европската унија, нивната класификација и односно помеѓу нив. Тој успеал на успешен начин успеал да направи анализа и елаборација на основните тематски единици кои суштествено се вклопуваат во наставната програма и план, преку што реално се детерминира и предметот на изучување на ова правна дисциплина. Акцентот на елаборација на проблематика за политиките на ЕУ авторот ја ставил на посебните видови политики. Имено, во првата глава авторот се фокусира на политиките за правата на граѓаните, каде што како посебни сегменти (потточки) ги елаборира правата и учеството на граѓаните, политиките во областа на информирањето, аудиовизуелната политика и културата. Преку анализа на овие неколку политики, авторот ги запознава студентите со основните/базичните политики на граѓаните на Европска унија.

Во вториот дел авторот следствено пристапува кон разработување на хоризонталните политики на ниво на Европска унија. Во редот на хоризонтални политики авторот ги анализира и елаборира политиките на конкуренција во Европска унија, со посебен осврт на директивите и регулативите во сферата на конкуренцијата. Низ призмата на домашното и европското право, авторот се фокусирал на проучувањето на политиките на конкуренција и направил анализа колку низ домашното законодавство се имплементирани европските политики на конкуренција.

Во вториот дел од ова глава, авторот ги анализа политиките на регионалниот развој со посебен акцент на значењето и имплементацијата на европските политики за регионален развој на националните политики во овој сегмент. Третиот дел од ракописот се однесува на секторските политики креирани од ЕУ и нивната имплементација во земјите-членки низ призмата на законодавствата во ова сфера. Во овој дел, авторот се посветил на индустриската политика и политиките на претпријатијата во делот на креирањето на правата од индустриска сопственост и заштита на истите. Авторот ја елаборира и политиката во областа на истражувањето и технологијата  како една од најатрактивните политики во современите услови на работење на компаниите во ЕУ. Во овој сегмент, предмет на анализа е и политиката во областа на енергетиката. Со посебен осврт на енергетските политики креирани од страна на ЕУ, авторот право анализа на позицијата на ова политика во домашното право. Како дополнување на овие политики, авторот ги анализира и елаборира поединечно секоја од сообраќајните политики на ЕУ. Попрецизно, преку анализа на сообраќајната политика во делот на патниот сообраќај, железничкиот и авионскиот сообраќај авторот дава целосна претстава за политиката која ЕУ ја спроведува во земјите-членки и тенденцијата во овој сегмент кои земјите кои не се членки на ЕУ.

Во ова глава авторот посветува внимание и на земјоделската политика и неслучајно се фокусира на овој сегмент со оглед на битноста на ова политика за Република Македонија. Со посебен акцент на поединечните земјоделски политики, авторот направил јасна претстава за значењето на ова политика на ниво на ЕУ и Република Македонија. На крај, авторот ја резимира ова глава со приучување на актуелната риболовна политика на ниво на ЕУ и земјите-членки во рамките на ЕУ. Земајќи го предвид значењето на ова политика, авторот прави анализа на прашањето за влијанието на риболовната политика врз целокупното стопанство во секоја национална економија.

Конечно, во четвртата глава авторот се фокусира на надворешните политики на ЕУ со посебен осврт на трговска политика, надворешните односи, развојните политики, политиката за евроинтеграција и перспективи. Во секоја од овие политики авторот го проучува поимот, видовите и спецификите за секоја поединечна политика. Во делот на евроинтегративните процеси авторот се задржува на позицијата на Република Македонија во делот на евроинтеграциите и перспективите на РМ со добивањето на статус земја-членка.

Целокупниот труд авторот го базира опфаќајќи ги сите политики на кои што почива целокупното европско јавно и приватно право. Почнувајќи од најтрадиционалните политики до најмодерните врзани за телекомуникациите, аудиовизуелна политика и култура, политики за заштита на конкуренцијата до аграрна и сообраќајна политика, преку овој ракопис студентите се запознаваат со сите аспекти на ЕУ врзани за креирањето и имплементацијата на политиките на ЕУ во земјите-членки, земјите со статус на кандидат и земјите надвор од ЕУ.

Авторот резимира со елаборирање на клучните аспекти на секоја од поединечните политики, укажувајќи на значењето на овие политики и нивната улога во секој сегмент на општественото, битисување на ниво на ЕУ и во секоја поединечна земја-членка и земја која не е членка. На крај, авторот темелно ги елаборира европските политики и перспективи, концептите на евроинтеграција, факторите и очекувањето од интегрирањето на секоја земја со статус на кандидат.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот анализиран и елабориран во ракописот во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Политики на ЕУ. Според начинот на кој што е елаборирана материјата ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на ракопис, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на политиките на Европска унија. Авторот успеал на сумарен и прецизен начин да ја презентира материјата што е предмет на изучување на Политиките на Европска унија. Без да навлегува во детали, тој успеал да го издвои битното од помалку битното што е целта на ова скриптата како учебно помагало. Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на ракописпо предметот Политики на Европска уунија предвиден во програмата за студентите од трета година на Применета политика и дипломатија, модул Европско право на Правен факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Јован Ананиев, с.р.**
**Доц. Д-р Борка Тушевска, с.р.**